**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МЕКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 15 јули 2021 година**

**Скопје, јули 2021 година**

**Заедничка седница на Комисијата за европски прашања (21 седница)**
**и на Националниот совет за евроинтеграции (2 седница)**
**одржана на 15.07.2021 година**
**во сала Борис Трајковски во Собрание**

Седницата започна во 09:37 часот.

**Арбер Адеми:** Добар ден почитувани гости, министер за надворешни работи, почитувани амбасадори, дами и господа ја отворам заедничката седница на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија и на Советот за евроинтеграции на кои ќе се престави програмата и приоритетите на работа на словенското претседателство за периодот јули-декември 2021 година.

За денешната седница се поканети и преставниците за комисијата за надворешна политика и на Мешовиот комитет на Република Северна Македонија и Европската унија. Дозволете ми на почетокот да го поздравам присуството на екселенцијата Милан Предан, амбасадор на Словенија во Република Македонија како и присуството на неговата екселенција господинот Дејвид Гир шеф на делегацијата на Европската унија во Северна Македонија. На седницата поканети се и министерот за надворешни работи доктор Бујар Османи и државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, госпоѓа Калинка Габер чие присуство го поздравувам. За жал поради обврските не може да биде со нас овде во Парламентот вицепремиерот за европски прашања господинот Никола Димитров.

За денешната Дваесет и прва седница на Комисијата за европски прашања и Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции го предлагам следниот дневен ред со единствена точка:

- Презентација на програмата и приоритетите за работа на словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија за периодот јули-декември 2021 година, преставени од страна на амбасадорот на Република Словенија во Република Северна Македонија, Н.Е Милан Предан.

Предлагам да го усвоиме дневниот ред.
Му давам збор на господинот претседател на Национален совет за евроинтеграции да го стави на гласање истиот дневен ред, за Втората седница на НСЕИ.

**Александар Николовски:** Благодарам.
Тоа што успеавме да усогласиме една заедничка седница помеѓу Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика на Собранието  и Мешовиот парламентарен комитет, мислам дека ова е еден добар пример во однос на соработка на заеднички цели. На оваа заедничка седница би сакале да поразговараме односно да слушнеме презентација на програмата и приоритетите за работа на словенечкото претседателство. Не би сакал да се повторувам со она што до сега беше кажано. Би сакал да ве поздравам сите, да ви се заблагодарам на присуството. Во формалниот дел затоа што сепак без разлика што е споена седница ги водиме како одделни морам да побарам да се усвои дневниот ред во делот на Национален совет за евроинтеграции со предложена една точка на дневен ред:

1.Презентација на програмата и приоритетите за работа на словенечкото претседателство со Советот на Европската унија за периодот јули-декември 2021 година, преставени од страна на амбасадорот на Република Словенија во Република Северна Македонија, Н.Е Милан Предан.

Дали има забелешки во однос на дневниот ред?
Нема, доколку нема го ставам на гласање.
Молам кој е за во однос на членовите на Национален совет за евроинтеграции?
Дали има некој против?
Воздржани?
Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

**Арбер Адеми:** Благодарам господин Николовски.
Сега предлагам да се изјасни Комисијата за европски прашања за точката од дневниот ред.
Ги повикувам членовите на Комисијата за европски прашања да гласаат.
Кој е за?
Дали има некој против? Нема.
Дали има воздржани? Нема.
Констатирам дека Комисијата едногласно го изгласа дневниот ред.
Бидејќи дневниот ред е изгласан, може да поминеме на точката од дневниот ред.

Пред да му дадам збор на амбасадорот Предан, сакам во име на сите вас на Република Словенија да и го честитам ова претседателство со Европската унија и дадеме предност во наредните шест месеци. Исто така да истакнам бидејќи многу го вреднуваме ова претседателство да се продолжи со политиката на проширување на Европската унија врз основа на обврските како целта декларирана од Европската унија за да се интегрираат нови членки. Имајќи предвид дека парламентарните групи одредиле по еден преставник кој ќе земе збор, го користам моето право.

Северна Македонија и Словенија имаат одлични билатерални односи на сите нивоа кои не се должат само на деценискотo заедничко минато во поранешната држава, туку на взаемното пријателство и соработката создадени уште од времето кога Словенија прва воспостави дипломатски односи со нашата земја, поради тоа амбасадоре Предан не се сомневам дека Словенија ќе направи се што е во нејзина моќ да ги унапреди нашите евроинтегративни процеси. Во моментот сеуште сме пред затворените порти на Европската унија и покрај исполнувањето на сите европски критериуми. Бидејќи како што знаете Советот на Европската унија за времето на претходното Португалско претседателство со Европската унија не можеше да постигне консензус за усвојување на нашата рамка за преговори и за закажување на првата меѓувладина конференција.

Се надевам дека сите заедно ќе успееме да ја постигнеме оваа цел за време на вашето претседавање со Унијата. За да конечно се материјализира одлуката за почетокот на преговорите донесена во март минатата година. Продолжуваме со исто темпо со информативни разговори и дијалог со Бугарија со цел да се избегне замрзнувањето на спорот. Свесни сме дека за пристигнување на позитивен исход потребен ни е национален пристап во процесот на помирување и соработка. Нашата земја е отворена за соработка на овој план и во таа насока беше прифатен и предлогот од Португалското претседателство за надминување на прашањата со соседна Бугарија како добра основа за конечно решение на насоката за градење на добрососедството. Се надевам дека новата Влада на Бугарија ќе биде избрана и ќе има национален пристап кон ова прашање. Ние разбираме дека Бугарија е член на клубот на ЕУ и дека Советот треба да ги земе предвид нивните грижи. Но во исто време сметаме дека треба да се земат во предвид и нашите интереси бидејќи во спротивно не можеме да се вклучиме во Европската унија. Ќе се согласам дека во спротивно не може да се опфатиме во Европската унија, ќе се сложите со мене дека земјата треба што поскоро да го почне преговорите со цел да се стави во колосек согласно новата методологија која воведува посилен политички надзор од страна на земјите членки и резевезибилност на процесот. После 17 годни во Европската чекална граѓаните бараат со право од нас политичарите да направиме напор да го откочиме процесот за приклучување кон ЕУ, тоа би бил позитивен сигнал за Владата и институциите за сите заедно да ги продолжиме

реформите со позасилено темпо. Како Собрание работиме на агендата за евроинтеграции со цел да ги испорачаме конкретните мерки за исполнување на европските аспирации на граѓаните и подготвени сме за сите следни чекори, што ја очекуваат Северна Македонија на патот кон полноправното членство во Европската унија.

Исто така, презедовме амбициозна агенда за реформи наречен „Европа дома“ и поостинавме опипливи резултати во спроведувањето на реформата на судството и гонењето на организираниот криминал и корупција. Постигнување на европските стандарди, во овој контекст сакам да истакнам дека интеграцијата на Северна Македонија во Европската унија е геостратешки интерес и економски и сигурноста на двете страни и треба да се развива помеѓу дијалог на начин како што од почеток се овозможи во форумот во Преспа одржан Преспанскиот договор неколку недели во панелот „Иднината на Европа“, на крај дозволете ми да честитам на Франција, на Словенија која е следна, да им се заблагодарам на сите и да имаме резултати кои сите заедно ги очекуваме. Ви благодарам.

Сега подетално за приоритетите и задачите на Словенечкото претседателство го повикувам амбасадорот на Република Словенија, господин Милан Предан, екселенција.

**Н.Е Милан Предан:**

Благодарам за Вашата покана и за можноста да ја презентирам програмата на Словенечкото претседателство на Советот на Европската унија и благодарам и за вашето разбирање дека презентацијата ќе биде на англиски јазик кој што и по Брегзит остана лингва франка во Европската унија.

Можеби на почетокот некои општи согледувања ова е наше второ претседателствување со Европската унија, првото беше во 2008 година и ова второ претседателство е поразлично од првото затоа што, нашето прво претседателство беше Преспанскиот договор да се усвои Лисабонскиот договор и тогаш земјите што претседаваа имаа поважна улога од денес, некои од задачите што беа превземени од Брисел и локални ЕУ делегации, но би сакал да потсеам дека, дури и во нашето прво претседателство Западниот Балкан беше многу високо на нашата агенда беше периодот кога независноста на Косово беше прогласена, период кога број на договори за стабилизација и асоцијација се потпишаа со земјите од Западен Балкан во тоа време иницираме дебати за либерализација на виза од земјите од Западен Балкан, кои што се случија мислам во декември 2009 година, го споделувам ова затоа што, Западен Балкан ќе биде многу високо на нашата агенда и сега за време на ова претседателство дозволете на кратко да ви ги претставам општите приоритети кои што ги дефинираме за нашето шест месечно претседателство.

Имаме многу голема програма во детали, а за оваа пригода приготвивме скратена презентација и да ви дадам само еден преглед на нашите планови и намери кои што се поврзани со некои други ЕУ теми, но знам дека вашиот главен интерес ќе биде фокусиран на проширувањето на Западен Балкан како што веќе беше споменато прашањето за отворање на преговорите со Северна Македонија и Албанија. Значи, ќе бидам многу краток, колку што можам во презентирањето на другите приоритети кои што имаме намера да ги придвижиме во следните месеци во смисла на ЕУ иницијативи и различни предлози. Сега мислам дека ги имаме овие четири клучни приоритети можеби тоа се издржливост, закрепнување, стратешка автономија на ЕУ тоа се прашања поврзани со закрепнувањето на ЕУ со Ковид имаме исто битна тема, довербата за иднината во Европа. Тоа беше иницирано на денот на Европа на 9 мај, но главните дебати ќе бидат за време на нашето претседателство и се надевам ќе бидат заклучени, завршени за време на француското претседателство, во првата половина од следната година.

Потоа, го имаме третиот приоритет поврзан со прашањето за владеењето на правото и четвртиот приоритет е за безбедноста на Европската унија кој што вклучува и прашања поврзани со Западен Балкан. За да не се развлекувам, можеби можеме да продолжиме со слајдовите? Добро, во однос на првиот приоритет ќе потенцирам неколку работи. Кризата со

Ковид до некои граници ја затекна ЕУ не подготвена за оваа ситуација и мислам дека ЕУ научи многу од ова искуство, спомнуваме тука прашањата за стратешка автономија, тоа се всушност прашање на, како ЕУ може да ја намали зависноста од надворешни играчи кога се однесува на стратешки производи. Затоа што, може да се види дека, ЕУ мораше на почетокот на пандемијата да купува дури маски, заштитна опрема од надвор од Европската унија, надвор од Европската унија затоа што, нашите капацитети не беа доволни и ова веќе се промени значително и мислам дека производствата на овие работи сега е забрзано и во самата ЕУ, но ќе мораме да работиме понатаму на оваа стратешка автономија донесувајќи ги сите стратешки производи назад во ЕУ колку што е тоа можно. Тоа вклучува и производството на вакцини, дел од приоритетите исто така, да ги спомнам е и сајбер безбедноста, тоа исто така, се покажа дека има многу да се направи на ова поле во рамките на ЕУ и оваа тема ги вклучува земјите од Западен Балкан кој исто така, се доста ранливи на сајбер нападите. Затоа, сакам да споменам дека планираме за време на нашето претседателство да организираме на почетокот на септември во рамките на стратешкиот форум конференција на високо ниво за сејбер безбедност во Западен Балкан со претставници од земјите од Западен Балкан, кои ќе бидат поканети исто така, може и да споменам дека нашата иницијатива за да градиме на така наречената Европска здравствена унија, затоа што, пандемијата ни покажа дека мораме да ја унапредиме нашата координација кога станува збор за здравствените прашања. Значи, ова ќе биде една конкретна иницијатива која што планираме да ја претставиме за време на претседателството. Може следниот слајд?

Да, економско закрепнување, многу логично прашање, тема, Европската економија како и економијата на Западен Балкан пострадаа многу за време на пандемијата, затоа мораме да работиме, да изградиме повторно со планот за економско закрепнување, нашето претседателство планира да се фокусира на закрепнувањето на индустријата, на туризмот, туризмот е многу значаен за ЕУ, значаен за Словенија и мислам дека е значаен и за вашата земја, затоа како што знаете туризмот страдаше многу, би кажал културата и туризмот беа најголемите жртви на пандемијата низ цела Европа не само во оваа земја. Многу, едно досие што многу бара е зелената транзиција, вчера Европската комисија откри еден доста амбициозен план како да се намалат гасовите, стакленичките гасови за 51% до 2030 година во споредба со 1990 година. Ние како земја што ќе претседава ќе имаме значајна улога за подготовка на преговарачката рамка на ЕУ за конференцијата за климатските промени кои што ќе се одржи во Глазгов, тоа ќе биде многу голема работа затоа што, ќе треба да трае подолго имаме 27 економии во ЕУ кои што се во многу различни позиции и како што знаете има земји кои што одлучија да немаат нуклеарна енергија а другите кои што ја градат енергетската иднина врз основа на нуклеарна енергија.

Словенија е една земја кои што исто така, се ослонува на исто таков тип на енергија така да ќе биде многу тешка дебата да како се дојде до договор затоа што, сите тие различни интереси и ситуации можеби само збор да кажам за дигитализацијата која што тука спомената е. Мораме да ја забрзаме работата за да се затвори јазот во оваа област. Мораме да признаеме дека во оваа област унапредувањето ќе мораме да се осигураме дека ЕУ е во чекор со развојот и ќе ги затвори овие јазови. Имаме конкретна задача да подготвиме легалната база за употребата на вештачката интелигенција која што е нова и многу тешка област затоа што, тука има многу поврзаност со заштитата на човековите права, приватноста, многу прашања.

Словенија ќе биде домаќин на УНЕСКО центарот за вештачка интелигенција и овој центар ќе има исто така, многу значајна улога во текот на ова претседателство. Да се вратам на вториот приоритет, конференцијата за иднината на Европа нема длабоко да навлегувам во ова, може да видите на презентацијата кои се клучните теми како дел од оваа деветта најзначајна работа е што оваа дебата е замислена исто така, да речеме да ги приближи граѓаните на ЕУ до институциите затоа што, во минатата година тоа беше

отворено прашање во минатите години дека ЕУ институциите некако не беа доволно блиску до граѓаните така да и ова ќе биде едно од прашањата, темите но генерално мораме да дојдеме до договор како ја гледаме Европа за 10, 20 години, тоа ги  вклучува и земјите од Западен Балкан. Планираме да организираме две пленарни дебати на оваа тема со физичко присуство, едната ќе биде на стратешкиот форум во Блед на 1ви, 2ри септември, планираме да поканиме многу гости на високо ниво кои ќе дискутираат за нивните гледишта како треба да изгледа Европа во иднината нашата амбиција е да ги вклучиме и граѓаните од Западен Балкан во оваа дебата затоа што, дебатата главно ќе биде преку дигитални платформи, мислам дека ова е тема која секако е од интерес на земјите од Западен Балкан, кои секако се дел од Европската иднина.

Ова е прашањето за владеењето на правото, да не одам во многу детали само да споменам нашето претседателство иницираше идеа за воспоставување на така наречена Европска фондација за Уставна демократија која што ќе ги донесе на едно место експертите од сите земји членки на ЕУ и кои може да обезбедат на Европската комисија и на земјите членки да речеме не зависни анализи за специфични теми во однос на владеењето на првото. Затоа што, знаете ако ги следите дебатите гледиштата за владеењето на правото во рамките на ЕУ во овој момент нема консензус за тоа што треба да се смета за да речеме генерално почитување на владеењето на правото. Исто така, да споменам за демографските предизвици една од нашите намери е во дебатите да се спротивставиме на негативните демографски трендови во Европа кои секако се едни можат да бидат едни долгорочни, еден долгорочен проблем на Европа, можеби да одиме на четвртиот приоритет. Безбедна ЕУ ова е прашање поврзано со нелегалната миграција, ова е прашање многу значајно за вашата земја затоа што, сте земја транзит за не легална миграција иако ситуацијата со вашите полицајци со грчките полицајци на границата и според нивните извештаи ситуацијата е под контрола, бројот на не легални мигранти значително се намали во изминатиот период, како и да е, ние мораме да работиме, наша цел е да го вратиме стариот Шенген систем без контрола на внатрешните граници, но за да го направиме тоа мораме да ги зајакнеме надворешните граници на ЕУ. Нашето претседателство, Словенија е за тоа земјите кои ги исполниле техничките критериуми нивниот влез во Шенген системот треба да биде забрзан, ќе работиме исто така, на усогласување на различни системи во земјите членки така наречено Пакт на миграција, тоа ќе биде исто така, едно многу тешко досие кое што ќе мораме да го покриеме. Да се вратиме на последната точка, тоа е последна но не е најмалку значајна, таа ги вклучува земјите односно проширувањето на земјите од Западен Балкан и како што веќе споменав, ова ќе биде многу високо на нашата агенда, нашиот главен настан на високо ниво што планираме да го направиме ќе биде Самитот ЕУ и Западен Балкан во Брдо на 6ти октомври, и искрено се надеваме дека до тоа време исто така, веќе ќе имаме ако не одлука барем една чиста перспектива односно чисто гледиште како прашањето меѓу Софија и Скопје може да се реши.

Свесни ме дека за Вашата земја за Северна Македонија главната или можам да речам единствената заслуга, како нашето претседателство ќе  биде, дали ќе биде успешно, ова ќе биде показател дали можеме да го решиме ова прашање. Не би  сакале да чекаме до декември, би сакале да го направиме тоа порано доколку е можно, не зависи само од нас, мислам дека сте целосно свесни дека има многу актери, играчи во, кои што го очекуваат ова решение, веќе реков неколку пати нашето  претседателство е многу мотивирано да го реши ова прашање затоа што не само што веруваме дека после двете претседателства сме се обиделе да го направиме, мислиме дека е ставено  многу енергија на ова прашање и на крајот не  успеа. Мислам дека е време ние сега  да направиме трет обид и мораме да ја видиме политичката ситуација во  соседството, да видиме како ќе изгледа новата Влада, со надеж дека таа  ќе биде формирана набрзо. Може да разберете дека во овој момент не можам да навлезам подетално, можам да речам дека веќе има интензивна комуникација помеѓу нашето претседателство со Софија, со  Брисел, со други земји членки на Европската

Унија и би сакале да добиеме што е можно поскоро јасна слика за одредени позиции и свесни сме за црвените линии, за вашите црвени линии и треба да видиме со нашите пријатели од Бугарија како тие, односно како ние можеме да ги акомодираме нивните барања, ние сме сега како претседателство во улога на, мораме да покажеме одредена неутралност, ова можеби е нешто што кога зборувам со некои луѓе тука можеби тие не ја разбираат оваа позиција, барем нецелосно.

Не се работи, клучното прашање не е кој е во право по овој спор, туку главно прашање е како да го решиме, како можеме да дојдеме до решение во кое што двете страни да политички да преживеат тука да презентираат пред својата јавност и да добијат некој генерален договор. Тоа е решението, за нас е добра околност што веќе имаме одредени прилози на маса, зборувам за предлогот кој беше презентиран од Португалското претседателство сега го нарекуваме Предлог на претседателството. Веруваме дека е добра основа на која што можеме да работиме, веруваме дека е добар балансиран предлог кој што се грижи за двете страни, затоа не го почнуваме, не ја почнуваме нашата дебата од нула, не почнуваме од нула. Исто така и беше презентиран и патоказот, мапата за време на посетата на локацијата во Софија, беше презентиран на бугарската страна, разбираме дека овој предлог беше направен со цел да се добие зелено светло за почнување на преговорите во јуни, но мислам дека овој документ би можел да биде основа за изнаоѓање на можно и разумно решение, ни треба политичка волја и прагматизам од двете страни како што реков веќе работиме на тоа, не можеме да ветиме, веќе реков не можеме да ветиме политички чуда затоа што меѓународната политика, но тоа што можеме да го ветиме е напорна работа, тивка дипломатија, исто така се ослонуваме на двете страни и дека тие ќе ги потиснат своите емоции затоа што ни треба одредено ниво на заедничка доверба, взаемна доверба за да стигнеме до договор и во тој случај мислам дека со сите овие документи кои што се подготвени можеби има шанса тоа да се постигне, да дојдеме, да стигнеме до решение до Самитот во Брдо, на Европската Унија и Западен Балкан, дури за мојата земја Словенија, знаеме дека веќе имаме ќе имаме 30 години одлични односи, мислам дека свесни сме дека ќе имаме политички капитал за следните 20 години тоа е уште една мотивација за нас, знаејќи дека не се работи само за Северна Македонија туку се работи за целиот регион.

Ако успееме да го одблокираме овој процес тоа ќе биде позитивен сигнал за целиот регион и можеби во оваа ситуација некои други теми кои што денес се чинат речиси невозможно е да се решат на пример, дебатите за Комисијата за историски прашања, мислам дека дебатата ќе се смири меѓу двете земји дека така ќе се постигне некој договор дури и во рамките на Комисијата, историската Комисија напредокот ќе биде направен и нашата општа стратегија е дека мораме да дојдеме до решение, при што сите овие прашања на идентитетот, јазикот мора да бидат ставени на страна. А процесот на интеграција да се приближи , доволно можности за време на процесот на преговорите да се решат дел од овие прашања, меѓутоа знаете дека Европската Унија е многу да речеме мисли дека не треба да се вклучуваат билатералните прашања во процесот на интеграција и на тоа ќе мораме да работиме како да ги акомодираме одредените барања на соседните земји кои ќе треба да имаат малку појаки за имплементација на добро соседскиот договор, веќе има некои идеи на маса, но како што реков не можам да одам да навлезам во детели и да го ставиме тоа на тивка дипломатија, Мислам дека можеме да имаме јавни изјави, веќе кога ќе имаме решенија на маса, знам дека сте уморни од ветувањата и не сакаме да направиме уште, за следните шест месеци да бидат повторно ветување кое што нема да можеме да го исполниме. Тоа е тоа што јас имав да го кажам од моја страна, Ви благодарам.

**Арбер Адеми**:
Сега Ве повикувам да го слушнеме и Евроамбасадорот Дејвид Гир. Повелете господин амбасадор.

**Дејвид Гир**:

Почитувани пратеници на Собранието, почитувани претседатели на Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции господин Николовски, почитуван господин Османи, почитувани претставници на Владата, почитувани медиуми, дами и господа. Ова е мој прв говор во Собранието и ми претставува чест да се обратам на заедничката сесија на Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции. Во присуство на членови на делегацијата на заедничкиот на мешовитиот парламентарен комитет заедно со Европскиот парламент. Исто така ми е чест да бидам тука физички присутен и да бидам сведок на некакво прашање на моралитетот. Постоењето на активностите на овие тела покажуваат многу длабока посветеност на Парламентот и на граѓаните кои вие пратениците ги претставувате за европската иднина на земјата.

Би сакал да му се заблагодарам на амбасадорот Предан за неговата презентација и на приоритетите кои се поставени од Словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија. Исто така би сакал да се осигурам дека ќе продолжиме да работиме за имплементација на овие приоритети тука во Северна Македонија заедно со сите претставници на граѓанскиот сектор, на туристичкиот сектор и бизнис секторот. Секако дека беше многу предизвикувачки период за сите, пандемијата со Ковид 19 веќе го направи своето и во Северна Македонија и во Европската Унија. Има многу големи предизвици пред нас и за нас додека излегуваме од кризата и да се движиме напред по патот на обновување. Разбирам дека има разочарување од страна на граѓаните во овие последни месеци бидејќи не бевме во можност да постигнеме договор за да се отворат преговорите со Северна Македонија и Албанија, но денеска сум тука да кажам дека ние ве подржуваме и ве охрабруваме.

Европската Унија и покрај Северна Македонија беше тука и за време на пандемијата и ќе продолжи да пружи помош во сите можни начини и во економски аспект и во инвестициски аспект, имаме план што има грандови и може да инвестираме во Западен Балкан до 29 билиони, милијарди евра. Што се однесува до отворањето на преговорите, ние ги поздравуваме сите напори кои претходните претседателства ги направија и секако ќе ја подржиме и Словенија и господинот Предан за што побрзо да дојдеме до таа одлука, што е важно во ова време е нешто што е изгубено некаде и дека европска перспектива за Северна Македонија не нешто што е во прашање, што се двоиме спротивно од сите лидери на земјите членки на Европската Унија и сите институции на Европската Унија веќе неколку време се повторуваат и потврдуваат и во овие месеци дека нема друга алтернатива за Северна Македонија освен да влезе во Европската Унија. Сите знаеме дека треба сите заедно да работиме, за да ги решаваме овие прашања што се отворени и да ги почнеме преговорите што е можно поскоро.

Патот кон Европската Унија е една од реформите, секој чекор во имплементирањето, спроведувањето на реформите поврзани со Европската Унија е еден чекор до Европската Унија. Додека дали преговорите ќе започнат денес или ден подоцна Северна Македонија ќе треба да ги стави на место истите реформи. Напредокот што е досега направен, исто така зависи од кога тие се почнати и секако дека реформите се само прашање на проширувањето туку се и во интерес на граѓаните. Денеска додека се уште се градиме, се обидуваме да се обновуваме после Ковид 19 и гледаме да ги адресираме сите предизвици и да придобиваме од зелената и дигиталната револуција е нешто што мора да се направи вклучувајќи и во зајакнување на владеењето на правото, градењето на јавната доверба, исто така да се заштити животната средина итн. Може да сметате на Европската Унија дека ќе биде ваш придружник на овој пат, како на политички така и на финансиски аспект што е инвестиција даречеме од 100 милиони евра годишно.

Почитувани пратеници, Парламентот, Собранието има главна улога во напредокот кон пристапувањето на Европската Унија и реформската агенда. Првично ние треба да

промовираме и да објасниме што е случајот со пристапувањето и чекориме кои што ќе треба да ги направиме за да се постигне во оваа цел. Како највисокото законодавно тело има моќ за да стапи во сила со Законодавство која ги промовира да launch речеме ги промовира и ги напредува реформите во Европската Унија во интерес на граѓаните. Парламентот, Собранието има можност да промовира и негува начинот на концезус на што се однесува на европскиот пат преку и покрај што може да има различни политички мислења,различни заедници во земјата и различни партнери, граѓанското општество, академија и бизнис. Имаме заедничка цел, а тоа е да напредуваме во пат кон Европската Унија. Ја поздравувам нашата заедничка сесија што уште еднаш го докажува унитетот на Собранието и во целост да гледаме напреднати други можности, да се обратиме тука како и што напредува земјата по својот пат кон Европската Унија.

**Арбер Адеми**:

Ви благодарам амбасадоре, сега пред да преминеме по дебата на дневниот ред, збор му давам на Министерот за надворешни работи на господинот Османи. Повелете министре.

**Бујар Османи**:

Почитуван претседател на Комисијата господин Адеми, почитуван амбасадор Предан, почитуван амбасадорот Гир, почитувани пратеници, дозволете ми на почетокот да му се заблагодарам на амбасадорот Предан за презентација на приоритетот, исто време да му честитам за преземањето на претседателството од страна на Словенија кое е во многу значаен период за Европската Унија која продолжува да се соочува со разни предизвици и назадување на политика на проширување и потребата за реафирмација на Европската перспектива за земјите од Западниот Балкан. Не само што Словенија е пријател добар и близок на нашата држава, Словенија е наш директен сосед од регионот со многу големо познавање за односите на Балканот и соодветно на ова имате нивен интерес тука. Ние сме свесни дека Словенија искрено сака да му помогне на регионот истовремено е земја членка која сега го има поминато нивното искуство, има претседавано еднаш со најголемиот орган и има голема предност да ги помине овие пречки. Во ова смисла му се заблагодарувам уште еднаш на амбасадорот Предан кој е важен, ваш приоритет е и проширувањето да Македонија и Албанија ги продолжат преговорите помеѓу конференцијата за пристап што е само еден operaлизација за политичкиот систем во март минатата година.

Исто така му се заблагодарувам и за иницијативата за Самитот помеѓу Европската Унија и Западен Балкан на шести октомври кога ќе се отворат различни теми како планот за инвестиција, економска инвестиција, економско поврзување и опфаќање на регионот во иднината на Европската Унија.

Исто така ќе послужи како добар катализатор за дискусија и решение ќе се поврзат со интеграцијата на регионот со Европската унија. Треба да истакнам и ова не е ни малку тајна бидејќи Република Северна Македонија се соочува со еден критичен момент во нејзиното евро интегративен процес. И кога сакам да кажам критичен, не подразбирам на тоа што биде на прв поглед како перцепција на отворањето на преговорите критичка состојба или една ситуација на внатрешна криза сметам дека ние ја имаме поминато таа фаза и после членството во НАТО имаме постигнато еден добар внатрешен на кохезија и не повратна сила да продолжиме со унапредување на животот на граѓаните од која и да е ситуација. Сакам да кажам критична бидејќи сигналите кои ги земаме се бидејќи исто сметам дека е транзитен период вербата со процесот на проширување ја губи нејзината трансформациона сила како еден процес кои се основа на заслуги сега ова не е прашање тука на внатрешните работи но еден предизвик за регионот за Европската унија да се подобри овој пристап кои директно влијае во развојот на регионот.

Словенија е дел од тројката на присуство на Европската унија каде е Германија и Португалија и сакам да го искористам овој момент да му се заблагодарам на Германците и

Португалците и природно барам едно барање за синергија за задржување на предводењето со цел да се заштити конзистетноста и природна еколибрираните предности да се помине билатералната пречка од страна на Бугарија. Тоа што беше силно политичко ангажирање од страна на Германија се зголеми во едно Португалско претседателство и сега како што истакна самиот амбасадор се смета предлог на претседателството кое се раководи од Словенија. Во овие комплексни политички преговори може да се каже дека е една политичка придобивка која е во рамките на Европската унија за тргање на блокадата од Бугарија. Претставува една порака дека Унијата не ги кренала рацете не ги тргнала рацете од ова место, туку активно презема работи за да се реши оваа ситуација на Балканот. Само два дена претходно имав средба со нашите амбасадори во земјите на Европската унија без разлика финалната цел не е постигната, сметам дека заедно со дипломатската мрежа направивме некои обиди со текот на посетите и активностите во главните европски центри со цел да се аргументираат нашите позиции и потоа на некој начин да се придобие довербата на некој начин од европските организации.

Мислам дека нашето досие е чисто за сите европски центри и од таму не треба да не чуди некоја од политичките пораки јавно за наеднаш да почнат преговорите од сите 26 земји членки на Европската унија. Некои природно може да истакне дека сето ова е за џабе бидејќи на крајот немаше некој епилог, но во дипломатијата нема резултати нема финални и завршни резултати. Еден животен процес и секогашен процес за заштита и реализација на стратешките цели на државата и мислам дека тоа го правиме искрено. Имаме постигнато успех во задржувањето на нашите права и интереси и раководејќи политика која бара смиреност и со тоа не само што го ставивме во ризик туку и се појачавме за разлика од нашите партнери. И ова го направивме активно. Форумот во Преспа одржан во Охрид кажа дека и регионот оди, имавме практички унифицирани пораки за перспективи на Европската унија и особено сум среќен бидејќи успеав да ги соберам колегите од Западен Балкан и да го создадеме Г6 во раководењето и успехот на надворешната политика, ние избравме оптимизам за разлика од песимизмот. Наместо да ни е главата во песок, главата и е горе и наместо да се жалиме ние бараме рационалност и работа. Исто така сега оваа иницијатива ја поставува државата во едно подобро место во евроатланските места, нешто што се бара од земја членка како што е тоа нашето претседателство во 2023. На овој начин сакам да ја истакнам и иницијативата за Резолуцијата со Бугарија, како придонес во нашата проактивност и не да се создадат нови пречки. Од оваа цел поднесов едно барање за консензус, на партиски консензус, постојат стратешки цели како што е нашето адерирање во Европската унија и од која не треба да бегаме. Тие се стратешки цели кои треба заедно да ги проектираме и секојдневната трка да ја оставиме за други теми, за образование, здравство, екологија.

На крај да се навратам на тоа што се вика сон, ние имаме пречка која се вика Република Бугарија и тоа е една пречка која се појавува на патот кон Европската унија и тој не претставува еден модус операнди, лист на нашата надворешна политика. Како што истакнав претходно за нас е значајно да има еден континуитет кон ЕУ како што почна со германското претседателство продолжено од португалското и сега со словенското претседателство со конкретен одговор. На пречката од страна на Бугарија, ние го вреднуваме предлогот како добра основа и прифатлива основа. Бугарија исто така не го одби тоа како не прифатливо, за нас е многу значајно решението да е врз основа на заедничките европски вредности и врз основа на добрите соседски односи и ваква е целта на сите европски држави, без разлика на резултатот на изборите во Бугарија и Владата која таму ќе се формира е значајна оваа деблокада да биде во текот на оваа година. Максимално се ангажиравме и створивме политички капитал колку што ќе бидат познати партиите во нашата спротивна држава ние ќе изнајдеме едно заедничко решение со разговор и рационален избор.

Да резимирам. Од страна на Европската унија се бара поискрени резултати бидејќи сега има знаци за регрес, како резултат на паѓањето на верބата. Во овој правец треба да се реагира наеднаш и ова претставува обврска како за земјите од Западен Балкан така и за Европската унија. Предизвикот на Словенија е успех на самитот во 6 октомври во Љубљана кога регионот ќе ги иденфицира политиките. Ние од нашата страна ќе продолжуваме да испорачуваме резултати и реформи ќе продолжуваме во создавањето меѓу етничките односи бидејќи на крај краева последна константа е географијата и таа не можеме да ја дефинираме. Се наоѓаме во срцето на Европа како регион од сите страни сме опкружени со земји членки на Европската унија само едно гледање на картата не Европската унија регионот претставува еден дел кои недостига во Европската унија. Било рано или покасно мислам дека е ова заедничко и за нас и за Европската унија. Сакам да истакнам и ние и нашите граѓани сме свесни за целосно членство на Европската унија не чека долг и макотрпен пат, но основна цел е Европската унија и Република Северна Македонија која пред 20 години потпиша факт и ако е така треба да дозволиме овој пат да почне без разлика на ризиците и од оправдани причини да има и измени на финалниот епилог. Јас уште еднаш сакам да му се заблагодарам на амбасадорот за ангажирање во текот на овие први денови кои дава надеж дека може во текот на словенското претседателство да најдеме едно решение за цел Балкан да оди во правец на Европската унија.

Ви Благодарам многу.

**Александар Николовски**:
Ви Благодарам и јас министре.
Би сакал да ја поканам Калинка Габер, државен секретар при Секретаријатот за европски прашања да се обрати, повелете.

**Калинка Габер**: Благодарам за оваа иницијатива на заедничкиот состанок, седница на Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции. Денеска да ги чуеме приоритетите на Словенечкото претседателство и се надевам дека вакви седници ќе има во иднина многу бидејќи не очекува напорна работа која што изискува, побарува, здружување на сите ресурси капацитети, мобилизација над сето она како општество го поседуваме во една и единствена насока исполнување на стратешките приоритети за членство во Европската унија.
Му благодарам на претседателот на амбасадорот Предан за презентацијата на приоритетите многу важен тежок период претстои пред словенечкото претседателство со оглед на искуството и посветеноста во целиот период се надевам дека тоа ќе биде успешно, како за вас и за Европската унија но пред се за Западен Балкан и за Република Северна Македонија.

Ви Благодарам амбасадоре Гир за секогаш искрениот и отворен и надежен говор и ракурд бидејќи тоа во овие моменти со кои кога се соочуваме со застој се пораките кои што сакаме да ги чуеме од нашите партнери од Европската унија. Почитувани пратеници ми претставува особено задоволство да се обратам денес пред вас во отсуство на вицепремиерот Никола Димитров кој што не можеше да се придружи заради службено патување на земјата но искрено не поздравува. Словенија доаѓа на чело на унијата во време кога сите се соочуваме предизвикот кој произлезе од пандемијата со ковид 19 и сме фокусирани на справување со последиците и од здравствен и од економски и од социјален аспект сосема логично е што еден од главните приоритети е да се обезбеди колективен одговор на ниво на Европската унија во зајакнувањето на издржливоста на унијата но и од она што го чувме денес од амбасадорот Предан, вклучување на Западниот Балкан во надминување на овие предизвици. И јас некако меѓу редови сакав или сакам ова да го прочитам како делумна операционализација на оној say you need од новата методологија дека ние ќе бидеме како западен Балкан иако не сме членки на Европската унија вклучени

во дискусиите на различните форуми на ниво на унија на изнаоѓањето на колективниот говор и за предизвиците кои што се соочува целиот континент.

Во овој контекст значајни се и заложбите за забрзана, зелена и дигитална транзиција за намалување на емисии на стакленчки гасови за борба со кибер криминалот и стекнување на кибер безбедноста. Ме радува дека дел од приоритетите на словенечкото претседателство ние ги препознаваме и како држава и како ниво на институции од извршната власт но ниво на дискусиите кои што се водат во рамките на Собранието тие се инкорпорирани во неодамнешната нова верзија на Националната програма за спојување на правото на Европската унија која што јас верувам дури и денес треба да стигне во Собранието и која што надевам дека имаме можност повторно од една ваква заедничка седница на КЕП и на НСЕИ да ја презентираме пред пратениците и да отвориме една суштинска дебата во врска со краткорочните и среднорочните приоритети и од законодавната агенда и од активностите кои што се планираат за усогласување со аки.
Еден многу значаен приоритет кои што чувме дека Словенија го задржува, а во 6 месеци на претседавање е иднината за Европа изразена преку конференцијата за иднината на унијата. Ме радува дека се препознаени и чуени гласовите кои што доаѓаат не само од Република Северна Македонија туку и од целиот регион на западниот Балкан дека дискусиите за иднината на Европската унија мора да вклучи и гласови и перспективи, перцепции на овој дел од Европскиот континент дека проектот Европската унија нема да биде завршен без заокружување на целиот процес. Затоа повеќе сакаме да зборуваме за комплетирање на процесот или унификација на Европа, а не толку многу за проширувањето на Европската унија и тој аспект ме радува дека веќе словенечкото претседателство планира шест пленарни седници за вклучување на западниот Балкан во овие дискусии бидејќи тоа навистина ќе биде сигнал дека е Европската унија е искрено, суштински, стратешки го гледа западниот Балкан во рамките на Унијата.

На крај можеби она што е најбитно за нас бидејќи најмногу не боли четвртиот приоритет од програмата на словенечкото претседателство и заложбата за веродостојно продолжување на процесот за проширување на Европската унија, а веќе е видлив тој словенечки ангажман ние не очекувавме нешто помалку, веќе следната недела ќе се одржи на формален состанок на ГАК министрите за прашања од земјите членки на Европската унија и претставници министри од западниот Балкан каде што повторно ќе бидеме вклучени во суштински дебати кои што не се можеби фокусирани само на прашањето на проширувањето туку на она што е мака споделена на ниво на Европската унија и секако самитот Европската унија Западен Балкан сите се надеваме дека ќе има сериозен исчекор и дека тоа навистина дека ќе биде како што кажавме кадарот преден хајлајт на нивното претседателство, нашите очекувања се несомнени големи, вербата дека Словенија ќе продолжи по патот кои што го започнаа другите земји членки од триото, имено Германија и Португалија, и дека конечно ќе се постигне консензус околу предавачката рамка и ќе се одржи првата меѓувладина конференција. Земја која предолго се наоѓа во чекалната на Европската унија особено е важен да се надмине сегашниот аспект во пристапниот процес преку рационализација на одлуката на советот од март на 2020 година.

Ова не го кажувам заради тоа што без преговори ние би се откажале од програмите за европеизација на земјата, напротив остануваме целосно посветени да продолжиме по патот кои го имаме зацртано. Сепак формалното отпочнување на преговорите ќе даде потребниот тимпус за забрзување на процесот, динамика која ја овозможува и новата методологија за пристапни преговори.

Морам да потенцирам дека колку што е ова важно за нас сметам дека исто толку важно и за регионот и за унијата преку примерот на Република Северна Македонија, се тестира и кредибилитетот и заложбите, искреноста на Европската унија да остане посветена на една ако нај успешните политики кои што ги спроведува од моментот на формирањето на Европската економска заедница. Пред прашањето на кредибилитетот изминатите месеци

често се споменува, не можеме да го избегнеме но знам дека е нешто кое што нашите пријатели искрени пријатели се сериозно загрижени за истото. Но морам да ја пренесам и разочараноста која се јавува кај граѓаните кај администрацијата ние веќе приметуваме дека е малку опаднат тонусот, можеби заради летниот период но сепак се надевам дека со еден позитивен сигнал еден нов импулс во нашите односи повторно ќе се вратиме на оние моменти.

Период кога по добивањето на позитивни вести од Брисел гледам дека забрзана динамика, страв ми е дека сентиментот, поддршката кај пошироката јавност ќе оди малце поспоро. Во Северна Македонија поддршката за Европската Унија историски никогаш не била под 70%, сега гледаме прв пат дека таа е падната на опасни по мене 59% особено кај младата популација и тоа е нешто што мораме заедно да работиме на него и ние како институција и Собранието и граѓанскиот сектор и бизнис заедницата и нашите партнери од земјите членки и вклучително и преку почнување на стратешките дискусии за конференцијата за иднината на Европа. И наша заедничка обврска е да работиме на надминување на пречките и отворање на почетокот за пристапните преговори бидејќи ова е прашање кое што ги надминува географските граници туку станува збор за одбрана на вредности врз кои почива Европската Унија, заради кои што е формирана, заради кои што ние сакаме да пристапиме кон неа. Ние од наша страна сме подготвени да продолжиме во конструктивниот пристап со нашиот сосед, министерот за надворешни работи зборуваше за тоа не би се мешала во ингеренциите на друг ресор на Владата, но како граѓанка, како државјанка на Северна Македонија како лично и како претставник на Владата морам да потенцирам дека нема и нема не можеме да отстапиме од црвените линии кои што веќе наведени, идентитетските обележја кои што не се и не смее да стане дел од овој процес и на тој начин да отворам една Падорина кутија која што и на самата Европска Унија ќе и ја отежне позицијата во иднина.

Ќе завршам со слоганот на Претседателството кој со три зборови кажува многу: заедно издржлива Европа односно целосно обединета Европа која ќе биде заедница и ќе го гарантира владеењето на правото, ќе ги негува и промовира европските вредности и ќе придонесува за зголемување на безбедноста и стабилноста не само на земјите членки на Европската Унија, не само на европското соседство туку и пошироко. Благодарам.

**Александар Николовски:**

Благодарам и јас.

Бидејќи имаме пријавено неколку говорници би замолил на Националниот совет и Комисијата за европски прашања нема ограничување на времето, но доколку можеме да се задржиме во некои рамки обврќање од пет минути имајќи предвид дека има и пленарна седница.

Би сакал да ја поканам Данела Арсовска претседател на Сојузот на комори на Македонија да се обрати, повелете.

**Данела Арсовска:**

Благодарам претседателе.

Благодарам на сите присутни денес што имаме можност да разговараме на една тема која што навистина е многу значајна за сите нас. Би сакала да ги поздравам двајцата амбасадори денеска присутни со нас и она кое што го истакнав на правата конститутивна седница која што ја имавме на Националниот совет е дека, верував дека ќе отпочнеме по интезивно да работиме на сето она што е наша иднина, а еве веќе гледам дека почнува да се чекори во таа насока.

Ќе бидам навистина многу кратка затоа што она што сакам да го кажам е повеќе од практичен аспект, не е од политички затоа што ние од деловната заедница не сме политичари, го гледаме реалниот сектор, ги гледаме реалните состојби кои што се надвор

меѓу граѓаните во економијата и сето она на кое што треба да се фокусираме за да имаме подобра, поквалитетна, по просперитетна Македонија и во секој случај поголема благосостојба меѓу граѓаните на нашата држава.

За словенечкото претседателство во Советот на Европската Унија денеска ја слушнавме онаа трета точка која што иако потенцираше амбасадорот дека можеби не е толку во фокусот меѓутоа јас би рекла дека за нас е најверојатно најзначајна. Унија на европски начин на живот, владеење на правото и исти критериуми за сите. Верувам дека тука е кажано се. Сакаме да сме во оваа Унија, живееме на овој европски начин на живот, бараме владеење на правото затоа што се трудиме и да обезбедиме владеење на правото тука кај нас во Македонија и бараме еднакви да бидеме со сите. До сега овие критериуми ги немавме. Она кое што е многу значајно за мене пред некој ден само имавме можност да потпишеме еден Меморандум за соработка со Стопанска комора од Словенија која што го обединува приморскиот дел, која што има навистина фантастични бројки да прикажат од своето работење, иако обединува некаде над 700 илјади граѓани во приморска Словенија просечната плата е над 2000 евра. Тоа го сакаат граѓаните на Македонија. Сакаат економски просперитет, сакаат влез на единствениот економски пазар на Европската Унија каде што ќе можат да работат со подеднакви услови со сите, каде што ќе можат да имаат пристап за сето кое што е пристап за сите граѓани во Европа, затоа што недвосмислено ние сме граѓани на Европа.

Верувам дека е тажно кога сите веќе ја разбираат, еве и тоа го слушнавме од госпоѓата Габер пред малку дека тажно е кога веќе сите ја разбираат апсурдноста на состојбата во која се наоѓаме, затоа што штом кај нас евроскептицизмот е толку нагло зголемен за само една година можете да замислете како им е на луѓето надвор кога веќе и оние кои не се засегнати од состојбите во Македонија ја разбираат апсурдноста на ова кое ни се случува. И треба да се посветиме на тоа меѓу сите наши пријатели, не само тука туку и надвор од нашата држава да ја пренесат пораката дека еден од принципите на Европа е оној кој што е подреден, кој што е послаб треба да му се помогне. Дека на него треба да му се помогне да расне, треба да му се помогне да ги има сите основни права и сите оние можности кои им се овозможени на сите останати, не само претенденти за Европската Унија туку и оние кои што се членови на Европската Унија.

Најнакрај би сакала затоа што веќе ни беше напоменато да бидеме кратки верувам дека имаме сите многу да кажеме меѓутоа она кое што би рекла дека е за нас најважно, а најважно да се каже денеска во време на отпочнувањето на претседателството на Словенија е дека однапред утврдено барање за капитулација. Тоа е она што Македонија го има сега во овој момент, во оваа состојба. Ние не сме политичари меѓутоа сме луѓе од реалниот сектор кој што секојдневно преговараат за економијата и секојдневно преговараат и за други значајни работи од секојдневниот живот. Доколку ни вие не ни дозволите да преговараме сега во овој момент без разлика дали е тоа нашиот непосреден сосед или со било кој друг да преговараме на еднакви стоишта тогаш тоа не се преговори. Ние со Бугарија сега не преговараме, ние сме уценети. На нас ни требаат еднакви можности за преговори, а еднакви можности за преговори ќе имаме се единствено во оној момент кога ќе бидеме само на масата на европското семејство каде што припаѓаме. И ќе можеме да преговараме како две држави кои што се еднакви во своите појдовни позиции. Во овој момент ние немаме еднаква појдовна позиција и затоа од нас се бара капитулација. Верувам дека треба да се излезе во пресрет на оваа мала држава која што во овој момент верувам дека има многу да понуди, геостратешки е добро позиционирана и може економски да порасне раст кој што го заслужува. Благодарам.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Сакам да ја поканам Соња Мираковска потпретседател на Националниот совет за евроинтеграција, повелете.

**Соња Мираковска:**

Благодарам.

Почитуван амбасадоре Предан, почитуван амбасадоре Гир, почитувани колеги Адеми и Николовски, почитувани пратеници, присутни,

Сосема на почеток сакам да го изразам моето задоволство што влеговме во периодот на словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија. Амбасадоре Предан во оваа прилика би сакала да ви честитам и да ви посакам успех во исполнувањето на вашата програма и на вашите приоритети во наредните шест месеци. Сакам да го истакнам моето чувство, а верувам дека го споделуваат сите, а тоа е дека за нас овој период за словенечко претседателство претставува надеж дека конечно се разбира со ваша помош ќе ја организираме првата меѓувладина конференција со Европската Унија.

Свесни сме и високо ја почитуваме посветеноста на Република Словенија да градиме заедничка иднина, како што пред повеќе децении споделувавме заедничко минато, многу пријателства блиски, економски, но и семејни врски помеѓу двете земји. Особено го цениме фактот што како актуелно претседателство меѓу приоритетите го ставивте фокусот на Западен Балкан во контекст на иднината на Европа и заложбите за одржување на кредибилитетот на процесот на проширување на Европската Унија. Словенија многу добро го познава регионот и го знае влогот од забрзувањето или консеквенциите од оспорувањето на неговиот евроинтеграциски процес. Нејзиниот став за вклучување на овој приоритет во текот на претседателството е сосема оправдан и доаѓа во прав момент и за нас како земја кои нашата перспектива ја гледаме во Европската Унија, но и во самата Унија во целост. Се разбира овој процес е само продолжение на претходните две земји Португалија и Германија. Република Северна Македонија  со реформските и стратешките чекори кои ги превзема во изминатите години покажа дека може да биде достоен партнер за преговори со Европската Унија исполнувајќи ги сите критериуми и спроведуваајќи ги неопходните реформи во клучните општествени области, владеење на правото, човековите права и правосудството, области со кои отпочнуваат и завршуваат актуелните преговори за членство со сите земји кандидати. Потврда за тоа претставува редовниот Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија  од октомври 2020 година кои објективно ги потврди постигнатите резултати во овие приоритетни области.

Нашите реформски напори не запираат тука, продолжувањето со процесот преку агендата Европа дома со која сакаме подлабински да продолжиме со исполнувањето на европските стандарди. Истата како основа ги зема преземените наши обврски од Договорот за стабилизација и асоцијација, препораките на Советот на Европа, граѓанската комисија ГРЕКО, извештаите и препораките на групата на високи експерти и други релевантни меѓународни документи. Сепак морам да нагласам дека  сегашните случувања во Унијата во однос на отворањето на преговори со Република Северна Македонија  предизвикаа гнев и разочарување во јавноста. Всушност тоа го слушнавме веќе денеска. Но упатуваат погрешна порака кај политичарите за преземање на чекори на тој пат. Верувам дека во текот на овие шест месеци ќе се надмине оваа состојба и ќе продолжи евроинтеграцискиот пат за нашата земја, но се разбира и за останатите земји во регионот. Ние како земја покажавме дека можеме заедно да соработуваме и покрај како земји случувањата во изминатите децении доказа за тоа е последната конференција на претседатели на парламенти од земјите од Западен Балкан која се одржа во Европскиот парламент под покровителство на претседателот Сасоли во јуни оваа година со учество на претседателот на словенечкиот и португалскиот парламент како земји на актуелен и иден претседавач на Советот на Европската Унија, декларацијата која ја потпишаа сите претседатели на парламенти ја потврдува максимата за заемен дијалог, меѓусебно разбирање и помирување на Западен Балкан, а проширувањето од било кога претставува силна геостратешка инвестиција за

стабилна и просперитетна Европа. Се надевам дека оваа силна порака ќе допре до одредени членки и истата ќе придонесе за надминување на актуелните состојби.

Амбасадоре Предан јас ја разбирам вашата неутрална улога како претседателство, но сепак на крај ќе се навратам на она што го спомнав на почеток, а тоа е дека вашето претседателство е надеж за нас, тоа го мислам во вистинска смисла на зборот затоа што сметам дека Словенија добро не познава како народ. Овде ќе зборувам за македонскиот народ како дел од едно големо мултиетничко општество, како мнозински народ, вие знаете дека ние немаме аспирации кон никого и немаме намера никому да му наштетиме и никому ништо да му земеме, поготово не на нашиот сосед, нашите соседи Бугари. Сакаме само да бидеме свои на своето и нашите црвени линии без разлика дали ќе бидат напишани или не се цивилизациски црвени линии, право на интегритет и право на идентитет, за нас тоа значи право на нашиот македонски идентитет и право да зборуваме на нашиот вековен македонски јазик, сакаме само такви и така да бидеме дел од посакуваното европско семејство, достоинствени и свои. Верувам дека во тоа сите заедно ќе успееме. Благодарам.

**Арбер Адеми:**

Благодарам госпоѓа Мираковска.

Пратеникот Халил Снопче, повелете.

**Халил Снопче:**

Благодарам почитуван претседател на Комисијата господине Адеми, почитуван амбасадор Гир, почитуван амбасадоре Предан, госпоѓо Габер, почитувани пратеници.

Најпрво дозволете ми да го поздравам амбициозниот програм на словенското претседателство со Европската Унија и посакуваме да се постигнат овие објективи кои што се ветувачки, нормално за нас како држава и за Западниот Балкан како регион претенденти за Европската Унија посебен интерес покажуваат три приоритети наведени во овој програм и кој што допира сегменти од надворешната политика на Европската Унија. Прво унапредување на правната држава како заедничка европска вредност, второ продолжување на процесот за проширување на Европската унија кон Западниот Балкан и трето конференција за иднината на Европа. Јас ќе кажам четврто, кое што има зајакнување на Шенген зоната кој што го спомена и господин Предан во својата презентација на приоритетите. За секоја од нив албанската опозиција во Собранието на Република Северна Македонија има многу препораки со словенечкото претседателство. Имајќи предвид деградирање на правната држава Република Северна Македонија и на Балкан на енормното зголемување на корупцијата и организираниот криминал и предлагаме на словенечкото претседателство да направи една дебата за европските механизми за правната држава и во земјите и од Западен Балкан кој што имаат вокација за да станат членки на Европската Унија.

Второ во врска со проширувањето, Словенија е дел од нашиот регион и има заедничка историја со нас. Затоа очекуваме од ова претседателство да нуди решение за спорот со Бугарија да се реши вклучување на опозицијата на двете држави за да се изнајде вин вин ситуација за двете земји. Ние веруваме дека Република Северна Македонија треба да направи што побрзо проширена Влада со вклучување на двата опозициски блока за да ја земеме одговорноста заедно за да одиме на предвремени избори да ги поделиме и одговорноста но и придобивките. Ние сме подготвени како опозиција да ги преземеме улогите за да се одблокира европската перспектива на државата. Западниот Балкан и Самитот во есен ќе биде добар момент за да се круниса таков договор каде што ќе учествуваат сите и опозиција и влада од двете земји.

Третиот приоритет што го напоменав е за конференција за иднината на Европа. Западниот Балкан треба да биде посебен дел и само за овој дел овие шест држави од Западен Балкан треба да биде еден од приоритетите и се надевам дека словенечкото

претседателство ќе го има предвид ова дека долгото останување на земјите од Западен Балкан не биде, остава можност да се додаваат влијанија од надвор од Европската Унија и од САД. И четврто што напоменав безбедноста на Шенген зона. Не може да има безбедносна Шенген зона без закон и поредок во Република Северна Македонија како што е со скандалот со пасошите на пример. Напоменувам дека стотици криминалци и нарко дилери што се бараа со потерници од Интерпол со помош на ДУИ и СДС купиле пасоши на Република Македонија се шетале слободно и вршеле криминални дела во Шенген зоната со пасошот на нашата држава.
Оваа афера која што се откри благодарение на САД и ја наруши безбедноста на цела Европа и кошта животи на европски млади лица кои што му помогна на нарко трговијата во светот. Затоа очекуваме словенчкото претседателство да ги покрене овие прашања во дијалогот со Република Северна Македонија и да бара политичка одговорност бидејќи сите знаеме дека оваа шема не може да се спроведе од обични матичари и без вклучување луѓе од високата политика кои што и имале финансиски придобивки од оваа шема. Значи овие се неколку аспекти кои што сакав да ги напоменам од наше гледиште господине Предан и господине Гир и за на крај дозволете ми да ви посакам реализација на објективите и успех на словенчкото претседателство. Благодарам.

**Арбер Адеми:** Благодарам.
Има збор господине Биљал Касами, повелете.

**Биљал Касами:** Почитуван амбасадоре Предан и амбасадор Гир, почитуван колега Адеми, почитувани пратеници и почитувани присутни.

Ми преставува особено задоволство што денеска имаме можност да размениме мислењата и видувањата за приоритетите на словенечкото претседателство со Советот на Европската унија, со почитуваниот амбасадор Предан и амбасадорот Гир, особено поради фактот што Словенија е искрена и гласен подржувач на европската интеграција на земјите од Западен Балкан и на Република Северна Македонија посебно. Нивното претседателство доаѓа во период кога Европската унија се соочува со повеќе предизвици поврзани со пандемијата и справување со пост пандемиските последици, процесот на рефлексија за нејзината иднина и начинот на функционирање на нејзините институции, како и во однос на зајакнување на нејзината позиција и во поширокото соседство. Меѓународната заедница како и заедничките интереси на земјите членки, несомнено ова се точно детектирани и најголеми проблеми кои што треба да се посвети особено внимание, не само во рамките на унијата, но и од наша страна како земји кои што веќе долго време аспирираме да станеме нејзини земји членки.

Пандемијата однесе многу човечки животи и предизвика сериозни економски последици со кои што допрва треба да се справуваме. Но исто така на површина го донесе приматот на богатите земји нивен пристапност до вакцини и потребната медицинска опрема. Иако сите сме свесни дека без масовно спроведување на вакцинација светот не може да продолжи со нормално функционирање и работење. Колку од овие лекции ќе ги научиме и ќе ги промениме нештата во иднина зависи од сите нас и нашата заедничка координирана акција бидејќи ниту еден глобален проблем до сега не нашол локално решение. од овие причини ја поздравувам и иницијативата за одржување на конференција за иднина на Европа бидејќи после одреден временски период секоја институција, организација или компанија и треба освежување ресетирање и унапредување на нејзиното работење.

Во последните децении Унијата се соочуваше со агресивни климатски промени со брз напредок на дигиталните технологии во позитивна и во негативна смисла. Тектонските промени во политичката сцена, мигрантските текови и барањата за нов пристап во методологијата за проширување. Во тој широк процес на консултација во кој што треба се земат повеќе информации за да се добие поголем дел на идеи, мислења на граѓанското

општество јавност вредно е да се спомне дека од суштинско значење е вклучувањето на земјите од Западен Балкан со нивните видувања за иднината на Европската унија, кои што треба да бидат составен дел од следната деценија или следните децении, зависно од степенот на напредокот на секоја од нив на тој план. Значи начинот на обединување на овие сугестии, предлози, информирање на концептот за идно делување ќе го одреди позиционирањето и кохезивноста на Европската унија како во поширокото соседство, но и на меѓународен план во меѓународните организации и институции.

Како земја која од 2009 година има препорака за почеток на преговори за членство во Европската унија позитивно го оценуваме приоритетот на претседателството за поголем фокус на земјите од Западен Балкан кој за одредени внатрешни случувања во Унија ја понесоа жртвата за успорување  на процесот за проширување на заедничката определба која излезе од Самитот за Западен Балкан и 2015 година во рамки на Берлинскиот процес дека европскиот напредок на секоја земја ќе зависи од нејзините индивидуални напори во согласност со Копенхашките критериуми и условите кои се поставени во процесот на стабилизација и асоцијација и дека земјите се обврзуваат да ги решаваат билатералните прашања во добра волја без злоупотреба на отворените прашања. Оваа заложба може сериозно да биде доведена под прашалник поради актуелната блокада на една земја членка кон нашата земја и истата да биде злоупотребена во иднина од земји од регионот кои не се членки на Европската унија. Таквата реалност не само што ќе го успори процесот во секоја смисла на зборот туку ќе придонесе за нарушување на основните идеи на кои се основаше денешната Унија и вербата на основачите за обединет и мирен европски континент во кој се почитуваат човековите права, демократија и владеењето на правото.

За Република Северна Македонија и нејзиниот импресивен напредок  во последните години се зборува во повеќе наврати и тој непобитен факт значи само едно, крајно време е земјата да ги започне преговорите за членство и да ја одржи првата меѓувладина конференција. Не чека долг пат на реформите на кои треба сериозно да се посветиме до колку сакаме да одиме во чекор со исполнувањето на европските стандарди, но и да се вклучиме на меѓународните трендови кон кои се стреми во денешниот свет. Како Мешовит парламентарен комитет тело кое е формирано со Спогодбата за стабилизација и асоцијација ќе продолжиме да делуваме обединувачки заедно со колегите од Европскиот Парламент и да работиме заедно на прашањата од заеднички интерес во духот на консензус кој владее повеќе од една деценија во овој комитет. Составот на Комитетот отсликува разликоста на политичките провиненции од пратениците од Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот континент, но тоа не го попречува ова тело да  донесува заеднички одлуки. Завршниот документ кој го усвојуваме на секој состанок и пораките кои што го упатуваме до нашите и до европските институции сочинуваат дел од основата за натамошни реформи кои до сега должно се земаат во предвид од страна на Собранието и Владата на Република Северна Македонија. искрено се надевам дека ќе се најде решение за пречката која стои на нашиот евроинтегративен пат и наскоро ќе можеме да дискутираме поконкретни теми кои се дел од поглавјето за преговори. Благодарам на вниманието.

**Арбер Адеми**:  Благодарам.

Претпоследниот говорник за денеска е преставникот на Советот за евроинтеграци е господинот Благоја Ралповски од Конфедерацијата за слободни синдикати на Македонија, повелете.

**Благоја Ралповски:**  Добар ден почитуван амбасадор Гир, почитуван амбасадор Предан, почитуван претседател на Комисијата за европски прашања Арбер Адеми, почитувани пратеници,

Кога слушнав дека ќе се одржи овој совет по повод претседавањето на Словенија со Европската унија бевме многу радосни во Конфедерацијата за слободни синдикати на

Македонија и сакавме да се обратиме тука, но причината за која што сакавме да се обратиме на почетокот беше целосна, сега е половична и затоа опаѓаат евроинтеграциите и скептицизмот е се погопем во Македонија затоа што самите према себе немаме почитување.

Се обраќаме заради еден од приоритетите, тоа е беше третиот приоритет на словенчкото претседателство, а тоа е европскиот начин на животм владеење на правото, исти критериуми за сите. Дали вие гледате дека во Македонија работниците имаат европски начин на живот, дали вие гледате дека работниците во Македонија уживаат владеење на правото. Сакавме да разговараме со секоја пратеничка група пооделно и затоа еве се одлучивме денеска тука да се обратиме пред сите вас иако сте во мал број. Многу пати изминативе години се обраќавме до институциите на системот затоа што работничките права во нашата држава се крајно загрозени, а со такви работнички права во Европската унија не се оди. Ситуацијата во моментот е крајно драматична и алармантна, се обидуваме преку дописи до сите амбасади и до вас господине евроамбасадор неколку пати се имаме писмено обратено. Ја имаме големата подршка кои ја препознаа нашата борба и нашиот проблем кој што тука во државата го создаваат институциите на системот, а тоа се нашите синдикални организации, тоа е Светската Конфедерацијата синдикати и Европската Конфедерација на синдикати кои што и пред неполн месец се обратија директно до премиерот на државата дека црвените линии се веќе поминати и побара од него поитно да се решат проблемите со кои се соочува Конфедерацијата за слободни синдикати на Македонија, а тоа се работниците во Македонија. Се обидовме и преку протести, за жал добивме само известување од Владата дека ќе бидеме повикани во некои идно време кога ќе има здравствени услови, дека се препратени дописите или барањата наши до министерката Шахпаска. Се обидувавме и преку разговори со одредени министри да добиеме подршка, се обидувавме и со претседателот на државата Стево Пендаровски да добиеме подршка, сите го препознаа нашиот проблем, сите се запознаени со нашиот проблем, но сите дигаат раменици. Се обидувавме и преку судски процеси да ги решиме проблемите, но верувајте дека се тоа долги, мачни процеси затоа што еден рабитнички спор кој што согласно законите во Македонија треба да биде решен за 6 месеци се решава и по 4-5 години. Не се криви судиите во одделението за работни спорови, криви се институциите на системот затоа што еден судија има преку 500 до 600 предмети кои што треба да ги реши. Кој од вас или од нас е способен толку предмети да исчита и да знае одделно за што се работи. Како ќе помогнеме така на работниците или ќе ги пуштиме низ лавиринтите на судовите и нема да знаат како да го преживеат месецот.

Кажавте за минималната плата протестиравме 1,7%. Луѓе неколку години station наназад Владата се фали дека имаме политичко покачување на минималната плата, сега требаше да имаме политичко покачување на минималната плата 17%, колку инфлацијата во моментот во државата. Дали на работникот му е покачена платата или е додатно осиромашен. Зборевме за минималната плата дека Владата ја покачува политички на товар на реалниот сектор но нејзината обврска во членот 8 е да ги усогласи колективните договори не го спроведува. Е нема идење така во Европската унија. Во член 2 пишува дека е основна плата на сите работници во државата. Во членот 8 дека во рок од 6 месеци треба да се усогласат платите. Еве еден пример. Наставник во основно и средно образование зема 24.500 плата. Доста е молчење, треба да зема 25000 според коефициентот на сложеност во колективниот договор. Зар не мислеа на финансиските импликации кога правеа популизам.

Ковид 19, законите во Македонија некој предвидел дека корона фамилија е биолошки штета. Законот за безбедност и здравје при работа вика дека треба да се направи дополнителна проценка за ризик на работното место. Прогласена е пандемија Законот за пензиско и здравствено осигурување кажува дека сите кои заболеле на работното место треба да им се исплати 100% боледување и сите кои се во изолација. Носиме одлуки на Влада, правиме совети за Ковид 19 дали ќе биде професионално заболување во Министерството за труд и социјална политика. Законот го кажува, луѓе ние го дадовме тоа на

Уставен суд, ќе бараме ретроактивно за сите работници кои заболеле на своето работно место да им биде исплатено 100% боледување. Вака не се влегува во Европската унија, ова не се приоритети. Затоа е добро што се тука и амбасадорот на Словенија и евроамбасадорот да ги слушнат овие работи од нас изворно затоа што немаме намера да молчиме. Со ова се запознаеме преку нашите синдикални организации Европската Комисија и Светската комисија. Верувајте дека се запознаени, верувајте дека е поставено и прашањето до Владата што се случува со синдикатите и со работничките права. Имаме зголемување на просечната плата, сте се прашале зошто е зголемена просечната плата. Просечната плата е зголемена затоа што работниците со минимална плата го губат работното место и нашиот работник ќе стигне многу пред оваа држава порано во Европската унија затоа што тргнете низ внатрешноста на Македонија дали во западниот или во источниот дел од Македонија, работниците се иселуваат. Знаете зошто имаме толкав голем број на тестови во државата, не дека биле во контакт, имаме толкав голем број на тестови затоа што PCR тестот е за оние што сакаат да ја напуштат државата.

Голем број работници не можат да ја решат својата егзистенција, немаат просперитет за своите семејства. Државата дава пари да се исплатат плати, се исплаќа еден денар, два денара, се исплаќа многу помала од минималната плата или воопшто не се исплаќа плата на работниците. И сега ќе кажеме дека државата во криза. Во ред дали го прашал некој работникот како преживеал во месец јануари, во месец март, во месец мај, сега во јули, дали може да оди на одмор. Не не може, но затоа ќе замине од државата. Затоа што се обидувате Законот за работни односи да го урнисате и со разни бајпасирањата на тој закон за работни односи кажуваме дека недела ќе биде неработен ден, со една ваква кревка економија ние уште од почетокот кажавме дека тоа не може да се случи и да има селективност кој ќе работи, а кој нема да работи, или за сите исто или за никој и тој што ќе работи да му биде 100% и носиме закон кој што требаше да биде за трговијата и сега наеднаш преку бајпасирање во Законот за трговија викаме ајде сега ќе работи трговијата, моловите , маркетите повторно, ама ќе им се плаќа 100%, ама овој нема да работи и оној нема да работи. Работниците тоа го чувствуваат, го осеќаат.

Во тој Буџет се наши пари, морам да кажам и не функционалноста на инспректоратите, во инспекторатот за труд, државниот инспекторат за труд прво се чудеа како да откријат каде е заболен работникот? Не сакале да појдат на терен и да видат во зона каде што има заболени, не треба да појдат на терен, државниот инспекторат за труд треба да знае дека оваа пандемија има епидемиолози кои што прават анкети, ќе се јават таму и ќе им кажат, точно се знае кој е и каде е заболен, дали е на работното место или не е на работното место. Јас не знам како пратеници како функционери дали знаете, но јас чекав една недела да ми закаже матичната докторка, тест, на крај кога се јавив и во Институтот за јавно здравје, ме повикаа одма дента, но за иљада и 850 денари.

**Арбер Адеми:**

Господине Ралповски, времето ви истече. Да го заокружиме и да го испочитуваме времето одредено за сите.

**Благоја Ралповски:**

Дали е тоа, сега ќе завршам.

Дали јас заслужувам како здравствено осигурен таков третман од мојата лична и матична држава? Ќе го почитувам господинот пратеник Арбер Адеми, и ќе ви кажам на крај што се случува кога ние го дигаме гласот и се обраќаме до институциите или надвор од нив. Почнува политички прогон, растурање на синдикати, бркање од работа на синдикалните лидери, значи 90% од извршниот одбор на Конфедерацијата на слободни синдикати е избркан од работа, некои по двапати, еве јас како претседател на најголемиот синдикат во јавниот сектор на 55 иљади броен синдикат кој што е член на Европска и Светска

конфедерација, полноправен член, јас сум избркан двапати по исти основ. Иако првиот пат го добив на првостепен, второстепен и врховен суд предметот. А, зошто? Затоа што, денеска не треба да бидам тука и не треба да ја кажам вистината, е за тоа не сум одел на работа, за што се известени, и ќе кажам дека системот во Македонија треба во делот на работничките односи и на трудовото право тотално и целосно да се рестартира затоа што, ова сега што се случува и ваквиот хаос што е направен не не води никаде, ако немате почит кон работникот, немате да имате ни просперитет на државата. Само работникот задоволен и продуктивен работник ќе не однесе во Европската унија и тоа ќе ни биде нашата карта и нашиот џокер на преговарање, во спротивно, никогаш нема да го завршиме ова што сме го почнале. Благодарам.

**Арбер Адеми:**

Ви благодарам господине Ралповски.

Последен говорник за денеска е господин Неби Хоџа претседател на Северозападна комора. Господине Хоџа имате збор.

**Неби Хоџа:**

Ви благодарам претседателе.

Се надевам дека како последен говорник ќе го задржам вашето внимание, сакам да го почитувам времето и да не го зафаќам времето на некој друг бидејќи секој има нешто да каже и да пренесе некоја порака. Почитувани присутни, почитувани амбасадори, претседател.

Дозволете ми на почетокот да му дадам почит на Република Словенија со Советот на Европската унија во текот на наредниот период. Со Словенија имаме одлична соработка како од општествен така и од економски аспект и се надеваме во текот на овој период истиот ќе се продлабочи. Северна Македонија последните години бележи позитивни трендови во нејзината економска стабилност, иновации како и во зголемувањето на надворешните директни инвестиции кои влијаат во добрата состојба на земјата. Заложбите на Северозападната комора од почетокот на пандемијата до денес се да се отстранат ефектите создадени од кризата кон бизнисите и особено кон малите и микро и средни бизниси. За да сме што поблиску до бизнисите во текот на пандемијата комората се трансформираше во многу нејзини активности за отстранување на економската криза. Рекооперацијата на економијата во Европската унија после Корона кризата ќе се рефлектира автоматски и во земјите од Западен Балкан. Северна Македонија во првото тромесечие во 2021 година само со 10 првите земји има зголемување на трговските односи со 2,4 милијарди евра каде 6 од тие држави се членки на Европската унија.

Да, што побрзо се рекооперира економијата на Европската унија уште побргу ќе профитираат компаниите во Северна Македонија, автономијата на Европската унија во областа на индустриското производство и енергијата ќе ја подобри ликвидноста на компаниите. Значаен дел на овој сегмент претставува и снабдувањето на медицински средства, различни лекови и особено вакцините во актуелниот период. Од моментот на изнаоѓање на вакцината, Комората на Северозападна Македонија настојуваше и побара од адекватните институции вакцинација на бизнис секторот каде Европската унија игра голема улога, бидејќи поголем број од вакцините ни се донации од земјите на Европската унија. Јавните институции и државните продолжуваат да стагнираат во давањето на услуги за бизнисите во земјата, правејќи ги неопходни реформите во истите за да обезбедат поголем амбиент за создавање на бизнис и економски развој во нашата земја, според економската комора на Северозападна Македонија каде сме стратешки партнер во светскиот економски форум за конкурентност, земјите од Западен Балкан куцаат и затоа е неопходно реформирање, реструктуирање и трансформација на одредени институции за да имаме адекватно функционирање на државата, на правото и исто така, инвестиција во патната и

железничката инфраструктура во регионот. Нашата држава има голем потенцијал во развој на енергетскиот сектор и посвеж случај е со потпишувањето на договорот за снабдување со природен гас кој ќе ги намали оперативните трошоци на компаниите, не оставајќи ништо на страна од капитални инвестиции кои треба да се направат во предвидениот временски рок.

Извозот на работната сила во државите на Европската унија негативно се рефлектира во економијата на нашата земја, има скептицизам затоа постојат празнини и во нивото на образование и реалните барања во бизнисот и комората на Северозападна Македонија е во соработка со сите институции од високото образование собирајќи релевантни и точни податоци кои се дефицитарни кадри во земјата. Ние како економска комора во Преспанскиот форум за дијалог бевме присутни и таму дадовме јасни пораки спрема институциите на земјата, Европската унија каде од сите овие пораки бараме имплементација и решавање што побргу и надежта на економската комора е во овој мандат на претседателство на Словенија со Европската унија да имаме еден позитивен епилог на опфаќање на Република Северна Македонија во Европската унија. Ви благодарам.

**Арбер Адеми:**

Ви благодарам господин Хоџа.

Можеби се направил некој недостаток и госпоѓата Ајдари е пријавена за збор. Повелете госпоѓица Ајдари.

**Рина Ајдари:**

Почитуван претседател.

Почитувани амбасадори, почитувани присутни.

Без разлика на регистрираниот прогрес на Република Северна Македонија и земјите од Западен Балкан во целост, процесот на интеграција изгледа дека е долг и не мирен. Спорот со развојот на преговорите на Република Северна Македонија кои што често се во критичен момент и не од очекуваните моменти, но од моментот што не вклучувањето на Република Северна Македонија во Европската унија не само што е посакувано но е задолжително, ова треба да се изгради една перспектива за иднина следејќи го моделот на Европа кој што може да направи еден поврат во нашата историја но во историјата во Балканот. Европската унија е амбициозен проект којшто треба да работи во насока на зголемување на нејзините држави членки бидејќи на таков начин ќе биде компатибилна и поцелосна, демократизацијата и зачленувањето на Западен Балкан има многу работи кои што излегуваат од меѓународните односи освен тие стратешките и моралните работи, овој процес навистина претставува една голема работа една таква институција бидејќи се бара да се спроведат различни инструменти, економски и политички, различно од земјите кандидати.

Хетерогените интереси на Европската унија се голем проблем во пракса бидејќи принципот заедно сплотени кон диверзитетот и на општеството не е толку практичен за меѓувладините одлуки за надворешната политика. Оваа не конзистентност и не функционирање остави на очекување пред вратите на Европската унија веќе неколку години Република Северна Македонија. Начинот на живот на граѓаните во ова држава може да се направи само со реформи и ова е единствена алтернатива за спречување на миграција на младите и задржување на младите во земјата. Додека вториот дел од работата и од ангажманот се однесува на Европската унија и апсорбирачкиот капацитет бидејќи процесот на европеизирање на Западен Балкан е процес на внатрешни реформи во унијата и може треба да се развијат паралелно тие се два процеси кои што треба да се одвиваат паралелно. Целиот процес на пристапување бара голем политички ангажман за трансформација и за ангажирање, не само за земјите кандидати но и за Европската унија во целост.

Во рамки на ова ние сите веруваме силно дека Словенечкото претседателство на Европската унија ќе направи напори за отворање преговори со нашата држава и продолжувајќи ја традицијата на Португалското и Германското претседателство со кој што основи направиле добра основа во оваа насока. Ова изгледа дека е добра можност за блокирање на целиот процес и Преспанскиот договор се една надеж дека Словенија и нејзините граѓани ќе бидат за проширување на унијата и работеле истовремено во неколку насоки и неколку патишта. Основниот приоритет за сите места на унијата и на државите кандидати треба да биде придонес и ангажирање за изградба на една посебна унија, поиздржлива унија. Бидејќи на овој начин ние сите ќе постигнеме една заедничка победа, достигнувајќи го идеалот за еднаквост, развој и само почитување меѓу себе. Ви благодарам.

**Арбер Адеми:**

Ви благодарам госпоѓо Ајдари.

Значи, со госпоѓа Ајдари заврши листата на пријавени говорници. Господине амбасадор Предан дали сакате да се произнесете по поставените прашања кои се постигнаа на оваа седница. Доколку да, повелете.

**Милан Предан:**

Прво ви благодарам за најдобрите желби за нашето претседателство, ќе ни требаат, ќе ни треба среќа но најмногу се ослонуваме на нашата работа, свесни сме за високите очекувања од вас, ви благодариме за вашите влогови во оваа дебата, кога ги презентирав приоритетите не подвлеков колку овие приоритети се исто така, поврзани со вашата земја, вие сте европска земја, вие ќе почнете преговори, ќе мора да поминете одреден број реформи кога се работи за Евроинтеграција, патот е исто така, значаен, како и пристапувањето затоа што, полното членство до полноправно членство ќе морате да ја промените вашата земја за подобро се разбира и затоа не повлеков изричито дека приоритетите како владеење на правото или зелената транзиција, ќе споменам само две. Тоа е предизвик, не само за ЕУ и за цела Европа туку и вас како земја кандидат. Да, заедно со делегацијата на ЕУ и секогаш ќе ве поддржувам во реформите кои треба да ги направите за да навистина постигнете напредок затоа што, не се што можете да го промените во вашата земја е поврзано со пристапувањето кон ЕУ. Има многу други прашања што треба да ги направите самите и да не е поврзано тоа со пристапувањето, затоа уште еднаш ви благодарам за можноста да се обратам Преспанскиот договор толку почитувана група на парламентарци, претставувам дека во следните 6 месеци можеби ќе има и други можности да се сретнеме. Ви благодарам многу.

**Арбер Адеми:**

Ви благодарам амбасадоре.

Сега можеме да констатираме дека дневниот ред е исцрпен и ја затворам 21-вата седница на Комисијата и Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Седницата заврши во 11:44 часот.